РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 18. 05. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1899/1 | | |

0706
Трајно
18.05.2012

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **основи на општествените науки** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

## V ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# 1. ВОВЕД

Според Концепцијата и наставниот план за деветгодишното основно воспитание и образование предметот основи на општествените науки е застапен во V одделение. Наставната програма по предметот опфаќа цели и содржини од повеќе подрачја и се надградува на содржините и активностите на учениците во **IV** одделение.

Со изучувањето на наставниот предмет се надградува основата за наставата по општествени науки и природни науки коишто ќе ги изучуваат учениците во погорните одделенија на деветгодишното основно образование.

Предметот основи на општесвените науки во **V** одделение е задолжителен со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да усвојува знаење за општествената и природната околина;
- да развива способности за сознавање, доживување и вреднување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина, како и кон природната околина;
- да ги анализира и објаснува појавите коишто се поврзани со проблеми во општествената, културната и природната средина;
- да осознае дека постои заемна поврзаност/интеракција на општествените појави;
- да се поттикнува да развива самостојност, самодоверба и одговорност;
- да соработува со другите и активно да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за:
  - комуницирање (читање, пишување, изнесување свое мислење, истражување, избирање, вреднување, толкување на информациите, споредување на мислења, слушање и сл.);
  - истражување (планирање, набљудување, класифицирање, анкетирање, уредување, споредување, користење на извори, изработка на извештаи и сл.);
  - соработка со другите (преземање улога на другите, одговорност, учество во групна работа, разбирање за другите, примање и почитување на другите, почитување на традициите и културата, грижа за другите и сл.).

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да стекне знаења за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи (семејство, дом, општина);
- да ја развие просторната ориентација за крајот во кој живее, пошироката околина, општината;
- да се запознава со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето во локалната заедница;
- да ја увиди пошироката просторна ориентација на својата околина и општините во Република Македонија и нејзиното окружување (информативно) на географска карта;
- да ги запознава основните карактеристикин на релјефот, климата и другите обележја на Република Македонија и нивното влијание на стопанството, културата и другите области на општествениое живот;
- да го осознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во Република Македонија со животот и работата на луѓето во минатото;
- да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во Република Македонија;
- да развива свест за припадност кон семејството, општината и поширокото општество на Република Македонија;
- да се оспособува за учество во истражување на минатото со користење различни извори (Интернет, музејски предмети, стари слики, книжевни творби и сл.);
- да се запознава со културата како специфична карактеристика на секојдневниот живот на човекот;
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во Република Македонија;
- да познава примери од македонската културна традиција, како и од традициите и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да се оспособува да истражува во непосредната околина и да користи различни облици за информирање и учење;
- да ги развива способностите за сознавање на непосредната општествена средина (семејство, пошироката околина/општина);
- да ги познава основните човекови права и правата на децата, како и и правата и одговорностите на граѓаните на Република Македонија;
- да ги познава начините на соработка меѓу луѓето и меѓусебната поддршка во споредба со конфликтите, како и за решавање на конфликтите;
- да се запознае со поимот Европска Унија и институциите на Европската Унија.

## Тема I: НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ориентационо 28 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| ➢ да ги запознае карактеристиките на Република Македонија како држава;<br>➢ да ја согледа разликата помеѓу РепубликаМакедонија и соседите;<br>➢ да ги распознава симболите на Републкиа Македонија (знаме, грб, химна);<br>➢ да се запознае со основните стопански, политички и културни функции на главниот град на Република Македонија;<br>➢ да умее да ја одреди местоположбата на нашата татковина на географска карта и на глобусот, во регионот и пошироко;<br>➢ да знае да ги опише природните карактеристики на Република Македонија;<br>➢ да се запознае со основните карактеристики на одделни периоди од македонското минато; | Нашата татковина Република Македонија<br><br>Државните симболи на РМ<br><br>Скопје – главен град на Република Македонија<br><br>Местоположба и при родни особености на Република Македонија<br><br>Периодизација на македонското минато<br><br>Формирање на современата македонска држава<br><br>Државното уредување на Република Македонија | Држава<br><br>Татковина<br><br>Република<br><br>Знаме<br><br>Грб<br><br>Химна<br><br>Главен град - метропола<br><br>Државна Територија<br><br>Географски регион<br><br>Свет/Земјината топка | ▪ Демонстративен метод: презентирање видеозаписи и илустративен материјал за Република Македонија.<br><br>▪ Истражувачки активности на тема: Соседите на Република Македонија (работа во групи – изработка на тематски катчиња). Корелација со наставата по ликовно образование и музичко образование: изработка на симболи и учење на химната на Република Македонија.<br><br>▪ Определување на местоположбата на Скопје на географска карта.<br><br>▪ Изработка на албум: „Обележја на нашиот главен град Скопје”.<br><br>▪ Изработка на карта со обележување на државите на Балканскиот Полуостров (употреба на нема карта).<br><br>▪ Техника грозд: Природните особености на Република Македонија (релјеф, води, природни богатства). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да се запознае со основните информации за формирањето на македонската држава на крајот на Втората светска војна;<br>➢ да се запознае за формирањето на суверена Република Македонија во 1991 година;<br>➢ да се запознава со државното уредување на Република Македонија;<br>➢ да се поттикнува да се запознае со најважните државни институции;<br>➢ да се запознае со поимот население;<br>➢ да се запознае со големината и структурата на населението во Република Македонија и неговите белези;<br>➢ да се запознае со најважните стопански гранки во Република Македонија;<br>➢ да ги запознава природните услови и можностите за развој на одделни стопански гранки во Републ ика Македонија;<br>➢ да ги запознава туристи-чките центри и локалитети во Република Македонија; | Населението на Република Македонија<br><br>Стопанството и стопанските дејнос ти во Република Македонија<br><br>Туризмот во Република Македонија<br><br>Културниот живот и институциите на културата во Република Македонија<br><br>Религиите и верските институции во Република Македонија<br><br>Правата и должностите на граѓаните на Република Македонија | Царство, кралство, империја<br><br>Национална држава<br><br>Референдум<br><br>Сувереност<br><br>Устав<br><br>Претседател<br><br>Влада<br><br>Суд<br><br>Етнички заедници<br><br>Стопанство<br><br>Стопански дејности<br><br>Ресурси<br><br>Туризам | ▪ Внесување на особеностите на Република Македонија на нема карта.<br>▪ Проектна настава: Правење албум за одреден историски период. Корелација со наставата по македонски јазик: разговор на тема: „Како беше формирана мојата држава".<br>▪ Истражувачки постапки на тема: „Што знаеме за референдумот од 8 септември 1991 година".<br>▪ Играње улоги: Јас во парламентот (судот, владата...). Органозирање на посета на некои од овие институции.<br>▪ Истражување на тема: „Составот на населението во моето место на живе-ење" (изработка на илустрации). Посета на различни етникуми (семејства) од различна етничка припадност.<br>▪ Техника грозд: стопанските дејности во РМ.<br>▪ Водење разговор на теми: Професијата на моите родители. Прирдните ресурси на мојот роден крај. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да го запознава значењето на поимите култура и културни потреби;<br>➢ да ја знае функцијата на поважните културни институции (театар, кино, балет, библиотека...);<br>➢ да знае како да се однесува при посета на институциите на културата;<br>➢ да ги запознава верските различности и на населението во Република Македонија;<br>➢ да се запознае со религиите во Република Македонија;<br>➢ да го запознае начинот на верското организирање;<br>➢ да ги знае правата и должностите на граѓаните во Република Македонија. | | Библиотека<br>Театар<br>Балет<br>Кино<br>Религија<br>Верска заедница<br>Права<br>Дожности | ▪ Изработка на туристичка карта на Република Македонија (изработка на презентација) и претставување на нема карта.<br>▪ Проект на тема: „Туристичките локалитети на мојата таковина (албум со илустрации, фотографии и сл.)".<br>▪ Организирање посета на тетарска претстава или балет и разговор по посетата. Корелација со предметот македонски јазик - состав.<br>▪ Истражување: Најголемите верски празници на верниците во мојот крај.<br>▪ Разговор на тема: "Како моето семејство ги одбележува големите верски празници".<br>▪ Изработка на табела: Права и должности на граѓаните на Република Македонија (употреба на ИКТ во наставата).<br>▪ Разговор за правата и одговорностите на децата. |

| **Тема II: ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО (ориентационо 22 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да го сфати значењето од живеењето во група;<br>➢ да се воспитува за негување на солидарност со другите;<br>➢ да се осознава себеси како дел од групата, со свои можности, идеи, потреби, желби;<br>➢ да се запознава со значењето на поимот социјализација;<br>➢ да сфати дека заедничките напори даваат успех;<br>➢ да се запознава со одделни фактори на социјализацијата и да ја сфати нивната улога;<br>➢ да го запознава значењето на поимот девијација;<br>➢ да се запознава со девијантните однесувања на одделни личности во групата; | Личниот и групниот живот<br><br>Социјализација на лич носта во групата<br><br>Фактори на социјализацијата (семејство, група на врсници, училиште, медиуми)<br><br>Девијација и девијантно однесување на личност во групата<br><br>Правила на однесување во средината и исполнување на должностите | Личност<br><br>Група<br><br>Социјализација<br><br>Солидарност<br><br>Егоизам<br><br>Медиуми<br><br>Девијација<br><br>Криминалитет<br><br>Наркоманија<br><br>Правила<br><br>Должности | ▪ Играње улоги – Споделени должности во групата за негување меѓусебна соработка.<br>▪ Разговор за различни постапки: од егоизам до солидарност и изработка на Т-табела за истите.<br>▪ Дебата на тема: Семејството – пресуден фактор на социјализацијата на личноста. Корелација со македонски јазик и ликовно- тема: „Моето семејство и јас”.<br>▪ Дискусија како медиумите влијаат врз социјализацијата на личноста.Посета на еден од медиумите на локално ниво.<br>▪ Активности: изработка на пано од фотографии, текстови и други илустрации со класификација на различни девијантни појави (однесување).<br>▪ Разговор за пороците на денешното време и изработка на илустрации и презентација со употреба на ИКТ.<br>▪ Дијалошки метод-разговор за правилата на однесување и нивното почитување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да ги почитува донесените правила на однесување во средината;<br><br>➢ да ги сознава причините за по-јавата на конфликти во средината;<br><br>➢ да ги почитува различните идеи, можности, желби и потреби;<br><br>➢ да се запознава со основните човекови права;<br><br>➢ да се запознае со правата на децата. | Конфликтот и неговото решавање<br><br>Правата на децата како човекови права | Конфликт<br><br>Сила и насилство<br><br>Помирување<br><br>Толеранција<br><br>Човекови права<br><br>Слобода<br><br>Рамноправност<br><br>Детски права | ▪ Разговор за добро и лошо однесува-ње и изработка на Т-табела: Моето добро и лошо однесување.<br>▪ Организирање посета од страна на МВР на тема: „Полицијата-мој пријател".<br>▪ Играње на улоги: симулација на конфликт и негово разрешување.<br>▪ Техика грозд со клучен термин човекови права или техника призма: човекови права - човекови должности.<br>▪ Истражување-проект: Целите и задачите на детските амбасади.<br>▪ Остварување контакти со некои од детските амбасади и организирање посета од страна на дете амбассадор. Корелација со македонски јазик – на тема: „Што би направил јас за да ги заштитам детските права?" |

| Тема III: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ (ориентационо 22 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се запознава со материјалното културно наследство на тлото на Република Македонија;<br>➢ да се воспитува за чување и негување на културното наследство;<br>➢ да го запознава значењето со поимите: иселеник, иселеништво, миграција;<br>➢ да знае за врските на иселениците со татковината;<br>➢ да го запознава значењето на поимите странец и странство;<br>➢ да ги запознава причините за престој на странците во нашата држава;<br>➢ да ги запознава најважните институции на ЕУ; | Културното наследство на тлото на Република Македонија<br><br>Иселеништвотот од РМ во светот<br><br>Странците во РМ<br><br>Република Македо-нија и европската интеграција<br><br>Основните пробле-ми во светот и Р. Македонија | Културно наследство<br><br>Мултикултура<br><br>Иселеник<br><br>Иселеништво<br><br>Странец<br><br>Странство<br><br>Интеграција<br><br>Унија | ▪ Теренска настава: посета на културни и верски објекти или на некое археолошко наоѓалиште и изработка на писмен состав за истото (корелација со македонски јазик.<br>▪ Метод на разговор - Водење дебата за причините за иселувањето на граѓаните од Република Македонија.<br>▪ Активности:-Еден иселеник раскажува.<br>▪ Проектна настава - Мојата средба со еден странец во Република Македонија.<br>▪ Составување Т-табела - на едната страна европските институции (Парламент на ЕУ, Совет на ЕУ и Европска комисија), а на другата нивните основни функции.<br>▪ Организирање средби и разговор со пратеници во Собранието на РМ и, евентуално, посета на Парламентот на Република Македонија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да се запознава со основните проблеми во светот;<br><br>➢ да го сознава учеството на Република Македонија во разрешувањето на проблемите во светот. | | Глобален свет<br><br>Екологија<br><br>Енергија | ▪ Демонстартивен метод - анализа на фотографии за основните светски проблеми (чување на светскиот мир, екологија, енергија, сообраќај).<br><br>▪ Презентација на видеозаписи или илустрации за проблемите во светот.<br><br>▪ Употреба на ИКТ и изработка на соодветна презентација.<br><br>▪ Организирање изложба со ученички трудови на тема: „Заштита на животната средина”.<br><br>▪ Корелација со македонски јазик – на тема: „ Како да ги зачуваме природните богатства”. |

# 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Препораки за користење на годишниот фонд на часови: 72 часа годишно, 2 часа неделно.

По наставни теми се предлага:
Нашата татковина Република Македонија - 28 часа;
Личноста во групата и во општеството - 22 часа;
Република Македонија во светот - 22 часа.

Препораки за наставните средства:

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење од непосредната околина - примери на појави, настани, предмети и сл. во семејството, населбата, блиската околина и општината и општеството во целина како и за односите меѓу луѓето;
- енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.;
- Интернет, образовни софтвери, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер, компјутер, ЛЦД и други средства).

Важно е наставниот процес да биде заснован:

- на секојдневните реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учесниците;
- холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
- насочување кон поврзување на сознанијата за поимите со конкретните односи и појави во семејството, локалната заедница и општината;
- насочување кон планирање и преземање на активности во непосредната околина;
- поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирањето на информации за појавите и другите сознанија на учениците.

За постигање на целите треба да се користат соодветни наставни форми, од индивидуалната работа, работа во парови и групната работа. Во разработката на наставните содржини соодветно треба да се користат следниве методи и активности: проектна настава, проблематска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат, исто така, и екскурзии, кога е тоа можно. Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализацијата на наставната програма.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. Во програмата се наве-дуваат начините на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат и активностите поврзани со водењето на портфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активностите и сл. Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби; разговор-дијалог наставник-ученик; работни листови; тестови на знаења. Постигањата на учениците се оценуваат комбинирано со описни и бројчани оценки во текот на наставата, а на крајот на наставната година со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на нормативот за простор и за наставни средства за донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по основи на пштествените науки во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по основи на општествените науки за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден 10.05.2012

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-2482/32
15.05 2012 год
СКОПЈЕ

Министер,

м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ